ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ
Градоначалник

Тел: +389 32 444 169 | Факс: +389 32 440 911
Е-пошта: info@svetinikole.gov.mk | www.svetinikole.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ
-ГРАДОНАЧАЛНИК-
Бр. 0903-63/7-7
04.08.2026 год.

# ЈАВЕН ПОВИК

**за избор на граѓанска организација – партнер за реализација на активности во рамки на проектот**

## „Фонд за климатска акција на младите“

**Рок за пријавување: 11.08.2026**
Начин на доставување: ler@svetinikole.gov.mk
Фиксен буџет за партнерството: противвредност од 8.500 УСД во денари

## I. Основ и предмет на јавниот повик

Општина Свети Николе, во рамки на реализацијата на проектот „Фонд за климатска акција на младите“, објавува јавен повик за избор на една граѓанска организација која ќе биде ангажирана како партнер за подготовка и реализација на дел од проектните активности.

Избраниот партнер ќе обезбеди стручна, комуникациска, дизајнерска и логистичка поддршка при подготовката, промоцијата, спроведувањето и документирањето на јавниот повик за младински климатски иницијативи, организацијата на работилници за ко-креирање, комуникацијата со потенцијални апликанти и засегнати страни, како и поддршка на процесот на подготовка на апликации на апликантите, евалуација и селекција.

## II. Цел на партнерството

Целта на јавниот повик е да се воспостави партнерство со граѓанска организација која располага со релевантно искуство, човечки ресурси и организациски капацитет за:

- вклучување на младите, локалните институции, граѓанските организации и други засегнати страни во развојот на идеи за климатска акција;
- подготовка и фасилитација на раболтиници за подготовка на апликации преку процес на ко-креирање.
- локална промоција и комуникација со потенцијални апликанти;
- подготовка на визуелни и дигитални комуникациски материјали;
- логистичка организација на проектни активности;
- поддршка на транспарентен, непристрасен и квалитетен процес на оценување на пристигнатите апликации.

## III. Право на учество

Право на учество имаат здруженија и фондации кои ги исполнуваат следните услови:

- се регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации во Република Северна Македонија;
- се непрофитни и имаат активен правен статус;
- имаат искуство во најмалку две од следниве области: младинско учество, климатска акција и животна средина, локален развој, граѓанско учество, комуникации, организација на настани, јавни повици или грантови;
- располагаат со или можат да ангажираат соодветен стручен тим за реализација на активностите;
- немаат доспеани неплатени обврски по основ на даноци и придонеси, доколку таков доказ биде побаран пред склучување на договорот.

Граѓанската организација може, во рамки на предложениот тим и одобрениот буџет, да ангажира надворешни експерти или даватели на услуги, при што останува целосно одговорна за квалитетното и навремено исполнување на договорените обврски.

## IV. Обем на активности и обврски на избраниот партнер

1. Фасилитација на процес за ко-креирање

- подготовка на методологија и агенда за работилници за ко-креирање;
- фасилитација на две работилници со млади и локални чинители;
- насочување на учесниците во развој на идеи што одговараат на приоритетите на повикот;
- поддршка во формулирање на предизвици, решенија и можни активности;
- подготовка на краток извештај со клучни наоди, препораки и следни чекори;
- редовна координација со проектниот тим.

**Предвиден обем:** 12 работни дена.

2. Поддршка на процесот на евалуација

- предлагање и ангажирање двајца надворешни членови на евалуациската комисија;
- обезбедување преглед и индивидуално оценување на апликациите согласно утврдена евалуациска матрица;
- учество на состанок/состаноци на евалуациската комисија;
- подготовка на образложени препораки за селекција;
- почитување на принципите на непристрасност, доверливост и избегнување судир на интереси.

3. Организација и логистичка поддршка

- обезбедување соодветен простор за работилница;
- основни технички услови и презентациска опрема;
- освежување за учесниците;
- регистрација и насочување на учесниците;
- организациска координација пред и за време на настанот;
- транспортна поддршка за учесници и проектниот тим, доколку е потребна.

4. Графички дизајн и дигитални материјали

- визуелни решенија за промоција на јавниот повик;
- адаптации за веб и социјални медиуми;
- дизајн на информативни и промотивни материјали;

- подготовка на една промотивна веб-страница/landing page со клучните информации за програмата, условите, роковите, целните групи, износот на поддршката и начинот на аплицирање;
- доставување на финални материјали и отворени/изворни фајлови, вклучително HTML формат каде што е применливо.

5. Комуникациска поддршка

- идентификација и контактирање релевантни локални чинители, младински групи, училишта, организации и институции;
- поддршка при дистрибуција и промоција на јавниот повик;
- комуникација со заинтересирани потенцијални апликанти;
- подготовка на кратки текстови, пораки и информации за промоција;
- подготовка на една промотивна кампања/објава за Facebook и Instagram, со текст и визуелно решение;
- координација со проектниот тим за сите јавни објави и комуникациски активности.

**Предвиден обем:** 20 работни дена.

## V. Очекувани резултати

1. Методологија и агенда за работилниците за ко-креирање
2. Две реализирани работилници за ко-креирање со обезбедена логистичка поддршка.
3. Краток извештај од работилниците.
4. Ангажирани двајца надворешни членови на евалуациската комисија.
5. Спроведена поддршка на процесот на евалуација и селекција.
6. Подготвени графички материјали за промоција.
7. Подготвена промотивна веб-страница за јавниот повик.
8. Подготвена промотивна кампања/објава за социјални медиуми.
9. Реализирана комуникациска поддршка и краток извештај за комуникациските активности.
10. Организирана транспортна поддршка, доколку е потребна.
11. Доставена завршна наративна документација согласно договорот.

## VI. Временска рамка и начин на соработка

Активностите ќе се реализираат во периодот 17 Август – 30 Ноември, согласно динамиката на јавниот повик за младински климатски иницијативи, работилниците, процесот на евалуација и комуникациските активности.

Избраниот партнер ќе работи во тесна координација со проектниот тим на Општина Свети Николе. Деталниот план на активности, роковите, начинот на исплата и известувањето ќе бидат утврдени со договор за партнерство/соработка.

## VII. Расположлив буџет

За реализација на партнерските активности е обезбеден фиксен буџет во противвредност од 8.500 УСД во денари, согласно применливиот курс и проектните правила. Буџетот ги опфаќа сите трошоци, даноци и други јавни давачки што се применливи за избраниот партнер и предложениот тим.

| Буџетска ставка | Единица/количина | Фиксен износ (УСД) |
|---|---|---|
| Фасилитатор за ко-креирање | 12 дена | 2.400 |

| Буџетска ставка | Единица/количина | Фиксен износ (УСД) |
|---|---|---|
| Надворешни членови на евалуациска комисија | 2 лица | 300 |
| Простор и освежување за работилница | 1 пакет | 500 |
| Графички дизајн услуги | 1 пакет | 900 |
| Промотивна веб-страница | 1 | 800 |
| Промотивна објава/кампања за социјални медиуми | 1 | 100 |
| Комуникациска поддршка | 20 дена | 3.000 |
| Транспорт за учесници | 1 пакет | 500 |
| **ВКУПНО** | | **8.500** |

Подносителите не доставуваат финансиска понуда и висината на буџетот нема да биде предмет на оценување. Распределбата по буџетски ставки е утврдена со овој повик. Евентуална прераспределба меѓу ставките во текот на реализацијата може да се направи само со претходна писмена согласност од Општина Свети Николе и согласно проектните правила, без промена на вкупниот фиксен износ.

## VIII. Потребна документација за пријавување

- Пополнета пријава/писмо за интерес, потпишано од овластено лице;
- Краток предлог за пристап и методологија за реализација на активностите, со временски план;
- Изјава дека подносителот го прифаќа фиксниот буџет и предложената распределба по буџетски ставки;
- Тековна состојба од Централниот регистар, не постара од шест месеци;
- Краток организациски профил и референтна листа на релевантни проекти/активности
- CV на предложениот фасилитатор за работилници;
- Референтна листа со најмалку 10 фасилитирани работилници;
- CV на двајца предложени надворешни членови на евалуациската комисија;
- Портфолио или примери од најмалку 3 релевантни графички дизајни;
- Референтна листа или линкови до најмалку 3 изработени веб-страници или дигитални решенија;
- Референтна листа за најмалку 3 реализирани маркетинг или комуникациски кампањи;

Документите и портфолијата може да бидат доставени на македонски или англиски јазик. Општина Свети Николе го задржува правото да побара појаснување или проверка на доставените информации и референци.

## IX. Критериуми и начин на избор

Пријавите ќе бидат разгледани од комисија формирана од Општина Свети Николе. Изборот ќе се изврши исклучиво врз основа на квалитетот на предложениот пристап, релевантното искуство, стручниот и организацискиот капацитет и квалитетот на предложениот тим.

| Критериум | Опис | Максимум бодови |
|---|---|---|
| Квалитет и релевантно искуство | Предложен пристап и методологија, организациско искуство, стручен и организациски капацитет, квалитет на предложениот тим и релевантност на доставените докази и референци. | 100 |
| ВКУПНО | | 100 |

Распределба на бодовите за квалитет и искуство

| Елемент на квалитет | Потребен доказ | Максимум бодови |
|---|---|---|
| Предложен пристап и методологија | Јасен и реалистичен пристап за реализација на активностите, временски план, координација со Општината и обезбедување квалитет на резултатите. | 10 |
| Релевантно организациско искуство | Организациски профил и референтна листа на релевантни проекти/активности во младинско учество, климатска акција, локален развој, јавни повици, грантови, комуникации или сродни области. | 20 |
| Ко-креативен фасилитатор | CV со најмалку 5 години релевантно искуство и референтна листа со најмалку 10 фасилитирани работилници. | 30 |
| Надворешни членови на евалуациската комисија | CV на 2 лица со искуство во евалуација на проектни апликации/грантови и релевантна тематска експертиза. | 15 |
| Графички дизајн и веб-решенија | Портфолио со најмалку 3 релевантни графички дизајни и најмалку 3 релевантни веб-страници, или други дигитални решенија. | 10 |
| Комуникациска поддршка | Референтна листа за најмалку 3 релевантни маркетинг или комуникациски кампањи, со | 15 |

| Елемент на квалитет | Потребен доказ | Максимум бодови |
|---|---|---|
| | краток опис на целната група, периодот и улогата на организацијата. | |
| ВКУПНО | | 100 |

Начин на оценување

Секоја прифатлива пријава ќе се оценува со најмногу 100 бодови, согласно критериумите и доказите наведени во табелата подолу.

За секој критериум, комисијата ќе ја оценува релевантноста, квалитетот, јасноста и проверливоста на доставените информации и докази.

Доколку за одреден критериум не е доставен соодветен доказ, за тој критериум ќе бидат доделени 0 бодови. Комисијата може да побара појаснување или проверка на веќе доставените информации, без можност за дополнително доставување нови референци по истекот на рокот за пријавување.

## X. Начин и рок за доставување на пријавите

Комплетната пријава се доставува најдоцна до 11.08.2026, до 15.00ч, на следниот начин:

- по електронска пошта на: ler@svetinikole.gov.mk, со назнака „Пријава за НВО партнер – Фонд за климатска акција на младите";
- и/или во архивата на Општина Свети Николе, ул. „Плоштад Илинден" бр. 12, Свети Николе, во затворен плик со истата назнака.

Ненавремени или некомплетни пријави може да не бидат разгледувани. Прашања и барања за појаснување може да се достават до 07.08.2026 на ler@svetinikole.gov.mk. Одговорите на прашањата, доколку е применливо, ќе бидат објавени на веб-страницата на Општина Свети Николе.

## XI. Постапка по јавниот повик

- административна проверка на навременоста, комплетноста и исполнувањето на условите за учество;
- стручна евалуација и бодирање на прифатливите пријави;
- рангирање на подносителите според вкупниот број бодови;
- известување на избраниот подносител и започнување постапка за усогласување и склучување договор;

Доколку две или повеќе пријави имаат ист вкупен број бодови, предност ќе има пријавата со повисок број бодови за релевантно искуство на предложениот тим, односно фасилитатоторот за ко-креирање. Доколку и тие бодови се исти, предност ќе има пријавата со повисок број бодови за организациско искуство и предложен пристап

## XII. Напомени

- Објавувањето на повикот не создава обврска Општина Свети Николе да избере партнер доколку ниту една пријава не ги исполнува условите или не обезбедува задоволително ниво на квалитет.
- Општина Свети Николе го задржува правото да го измени, продолжи, поништи или повтори јавниот повик, со соодветно известување.

- Сите материјали, содржини, дизајни, документи и производи изработени во рамки на партнерството ќе се користат согласно договорот и правилата на проектот.
- Избраниот партнер е должен да ги почитува принципите на еднакви можности, недискриминација, заштита на личните податоци, видливост на проектот, спречување судир на интереси и одговорно финансиско управување.
- Трошоците за подготовка и доставување на пријавата ги сноси подносителот.

**Општина Свети Николе**

04.08.2026

**Општина Свети Николе**

**Градоначалник**

**Дејан Владев**

*Овој јавен повик се спроведува во рамките на програмата* ***Youth Climate Action Fund,*** *поддржана од* ***Bloomberg Philanthropies****.*

YOUTH CLIMATE ACTION FUND
Supported by Bloomberg Philanthropies

Powered By JOHNS HOPKINS UNIVERSITY